# И З В Е С Т У В А Њ Е

до Договорните органи за начинот на пополнување на Образец –ЕБПП, Евиденција на постапките со Барање за прибирање на понуди за период 01.01.2008 до 30.06.2008 година

Почитувани,

Согласно член 103 став 2 од Законот за јавните набавки (Службен Весник на Република Македонија бр.136/07), Договорните органи се должни во период од 01.07.2008 година до 31.07.2008 година, до Бирото за јавни набавки да достават примерок во електронска форма од Евиденцијата на постапките со барање за прибирање на понуди – Образец - ЕБПП. Поради тоа сметаме за потребно и корисно да Ве известиме за следното:

1. Пополнување на Евиденцијата на постапките со Барање за прибирање на понуди, може да го вршат САМО договорните органи кои се регистрирани на Информацискиот систем на Бирото за јавни набавки на интернет страната https://oglasi-izvestuvanja.finance.gov.mk. Доколку не сте регистрирани во информацискиот систем, потребно е да се регистрирате со пополнување на регистрационата форма која се наоѓа на интернет страната, во делот РЕГИСТРИРАЈ СЕ. Откако ќе го завршите процесот на регистрирање системот ќе ви испрати порака на вашата е-пошта, со понатамошни инструкции.

2. Евиденцијата на постапките со барање за прибирање на понуди се доставува на Образец – ЕБПП – Евиденција на постапките со Барање за прибирање на понуди и тоа за период од 01.01. до 30.06.2008 година, кумулативно за сите склучени договори и тоа:

-точка II.1) Без објавување на оглас - до 5.000 евра,

-точка II.2) Со објавување на оглас - за набавки до 20.000 евра за стоки и услуги и до 50.000 евра за работи и

-точка II.3) за набавка на услуги во вредност до 20.000 евра пропишани со Уредбата за определување на услугите кои се предмет на договорите за јавни набавки (категорија 17-27).

3. За конкретниот шестмесечен период, договорниот орган пополнува и доставува САМО еден образец на Евиденција на постапките со барање за прибирање на понуди.

4. Доколку е потребно да извршите измена или дополнување на веќе пополнет Образец - ЕБПП или е потребно да се ажурира со склучени нови договори, се користи полето за промени (квадратче со коса црта до кое може да се пристапи откако ќе се изврши логирање на интернет страната, а потоа се пристапува до менито - Листа на евиденции на постапките со барање за прибирање на понуди), се внесуваат потребните измени а за да се сочуваат нововнесените податоци се кликнува полето Потврди.

5. Вредноста на склучените договори или фактурите се внесува во ДЕНАРИ со вклучен ДДВ. Истата се внесува само како број, без групирање на цифрите со точки или запирки и без впишување на стотите делови на денарот.

6. За одреден вид на набавка, каде што договорниот орган не склучил договор за јавна набавка (таму каде е соодветно), во Евиденција на постапките со Барање за прибирање на понуди во точка II.1) Без објавување на оглас - до 5.000 евра и во точка II.3) за набавка на услуги во вредност до 20.000 евра (категорија 17-27 од Уредбата) во колоната „вредност на склучениот договор/фактура„ се внесуваат податоци за вредноста на фактурата.

7. Без оглед на висината на вредноста на договорот/фактурата, сите категории на услуги од 17-27, се впишуваат последователно во точка II.3) од образецот – ЕБПП според видот на категоријата.

8. При пополнувањето на образецот -ЕБПП, пожелно е да го следите Упатството за пополнување на истиот, даден како составен дел од Правилникот за формата и содржината на огласот, известувањето за поништување на постапката и образецот на евиденцијата на постапките со Барање за прибирање на понуди (Службен весник број 154/07).

9. Доколку не поседувате дигитален сертификат (потпис), потребно е да ја верификувате содржината на пополнетиот образец -ЕБПП кој што ви е автоматски испратен од страна на Бирото за јавни набавки на вашата е-пошта - по пополнувањето на веб-формата, на факс 02 3126-027 со потпис и печат од одговорното лице, почнувајќи од 01.07.2008 година. По активирањето на образецот од страна на Бирото, нема да бидете во можност истата да ја дополнувате или менувате.

10. Со цел за олеснување и подобрување на комуникацијата со Бирото за јавни набавки, како и за потполна и целосна верификација на содржината на креираните обрасци и известувања, согласно законот, Ве молиме што поскоро да обезбедите дигитален сертификат, за што подетални информации можете да најдете на веб порталот http://javni-nabavki.finance.gov.mk.

**Биро за Јавни набавки**
Сектор за следење на системот за јавните набавки и управување со ЕСЈН